BRITISH COUNCIL TeachingEnglish

# Посебни образовни потреби – Оценување за учење

Фил Декстер, Британски совет, Советник за професионален развој






# Работиме за успех на сите

## Инклузивни практики








**ПОП Интервенции** **Оценување за учење**

# Проблеми при оценувањето

**Како може да ги оцениме учениците кои не напредуваат како нивните врсници?**

**Како да ја задржиме мотивацијата кај овие ученици?**





British Council | TeachingEnglish

# Проблеми кај учениците

„Психологот ми кажа дека имам диспраксија, што беше во ред, и отидов во одделот за попреченост во колеџот – тоа ме вознемири, не сакам да имам некаква попреченост. Добар сум“

„Имам синдром на недостаток на внимание и хиперактивност (ADHD) и не можам да седам мирно и да работам“.

„Многу сум спор, сите мислат дека сум глупав или мрзлив.“



## Проблеми кај родители/старатели

**„Син ми само што почна да оди на училиште. По 3 дена наставничката ми кажа дека син ми можеби има аутизам бидејќи не остварува контакт со очите и не може да си игра со другите. Не е во право, ќе се жалам.“**

**„Ќерка ми нема посебна потреби,**
**нема никаква попреченост, наставниците не знаат како да си ја вршат работата.“**



BRITISH COUNCIL TeachingEnglish

# Што прави ова дете?





# Инклузивно и интегрирано образование – пристапи кои ги задоволуваат потребите на сите

**Интегрираното** образование повеќе се фокусира на деца со попреченост кои *одат* на училиште

**додека**

**Инклузивното** образование повеќе се фокусира на тоа да им овозможи на сите деца да ***учат*** ***без оглед на попреченоста и потребите за учење***



**Соодветни стратегии за учење со цел постигнување целосен потенцијал**

# Инклузија значи промовирање

**Деца кои одат на училиште...**

**Задоволени потреби во училиштето**

## ПРИСТАП

- здравствен
- медицински
- трошок
- пол/ мобилност





## ВКЛУЧЕНОСТ

- Избор
- Методологија
- Ресурси
- Мултисензорно
- Постапно учење

# Што е оценување на учење (ОнУ)

Оценувањето на учењето е традиционален начин на тестирање на знаењето на ученикот. Вклучува оценување, обично од наставникот, за тоа што ученикот го има научено досега. Потоа наставникот дава оценка во форма на буква или бројка. Ги споредува достигнувањата на ученикот со очекуваните стандарди за таа возраст и со предадениот материјал. Резултатите може лесно да бидат искомуницирани до родителот. Ова обично се случува на крајот од наставната единица и често вклучува тест или испит. ОнУ е сумативно, што значи дека оценката на ученикот се зема како оценување на нивното учење.

# Што е оценување за учење (ОзУ)

Оценување за учењето е процес на соработка помеѓу наставникот и ученикот. Приоритетот во дизајнот на која било задача или практична активност е да се промовира учењето на учениците. Тоа го вклучува ученикот во оценување и манаџирање на своето учење. На почетокот, наставникот ќе работи со ученикот за да види што тој/таа веќе знае, а потоа ќе го/ја охрабри активно да се вклучи во оценување на сопствениот напредок, да процени што останува да се направи и како да напредува. Оценувањето за учење се случува во сите фази на процесот на учењето и треба да биде интегрален дел од секој час. Учениците го мерат достигнувањето според сопствените поставени цели, а не според резултатите на останатите ученици. Не се даваат оценки. ОзУ е формативно, што значи дека ги води учениците кон поставување на своите цели.

# Оценување за учење

- е постојано
- Го вклучува ученикот во поставување цели
- Го вклучува ученикот во мерење на својот напредок без да се споредува со другите
- Може да е помотивирачко
- Му дозволува на ученикот да напредува со свое темпо
- Мери напредок, не резултати



# Оценување за учење

## Оценување **за** учење и оценување **на** учење

- ✓ Заедничко и континуирано
- ✓ Ученикот сам си поставува цели и го мери напредокот
- ✓ Заслуга за што некој <u>може да направи!</u>
- ✓ Позитивно и достижно
- ✓ Врсничко оценување и самооценување







# Стандардизирани тестови и тестирање?



# Неколку сфаќања за оценувањето?



- **Има ли повеќе време за задачите?**
- **Дали има професионален препишувач?**
- **Дали да се користи технологија– компјутери/таблети?**
- **Може ли одговорите да бидат снимени во различни формати - пр. аудио/преку технологија?**
- **Може ли да има слични алтернативи за тест?**
- **Како може сите да се *вклучат* со тест?**

**Може ли на разни начини да допреме до нашите ‘невро-диверзитетни’ ученици и да ги поддржиме нивните успеси?**

# Начини да се вклучат учениците во оценувањето

- Знае, сака да знае, учи

KWL Grids

- PMI

. Смешковци




**PMI diagram**

Pie graph for plus, minus and interesting elements of the work
*Developed by Edward de Bono*

- Encourages pupils to identify what has worked and not worked for their learning
- It can also be drawn as a table

Ги поттикнува учениците да откријат што било успешно, а што не при нивното учење
Може да е нацртано во табела







# Знае, сака да знае, учи табела – животни во студените делови од светот

| Што знам | Што треба да знам? | Како ќе дознаам? | Што научив? |
|---|---|---|---|
| 1. Поларните мечки и пингвините живеат во студените делови од светот.<br><br>2. Пингвините не летаат.<br><br>3. Кралските пингвини се најголеми пингвини. | 1. Кои други животни живеат таму?<br><br>2. Се тепаат или се сложуваат?<br><br>3. Има ли други видови поларни мечки?<br><br>4. Можат ли сите да пливаат? | 1. Одделенски проект<br><br>2. Да истражувам на Интернет<br><br>3. Да дознаам што знаат другите во класот/училиштето<br><br>4. Да гледам документарни емисии | 1. Фоки и птици живеат таму исто така<br><br>2. Пингвините живеат само на Јужниот пол, а поларните мечки само на Северниот<br><br>3. Има само еден тип поларна мечка но многу различни |

# AF1 Нивоа на читање - читање за значење

| |
|---|
| **3 ниво**<br>**Во поголемиот дел од читањето**<br>•Можам да користам повеќе стратегии за течно да читам нови текстови, со разбирање и експресија<br>☹😐☺ |
| **2 ниво**<br>**Во дел од читањето**<br>• Знам и можам да ги прочитам клучните зборови.<br>•Кога ќе заглавам на збор, наоѓам решение пр: со продолжување на читањето, враќање назад, со слевање фонеми<br>•Можам да читам на глас на интересен и жив начин внимавајќи на интерпункцијата.<br>☹😐☺ |



## 2 ѕвезди и желба

- За оценување на врсници, прашајте ги учениците да дадат две ѕвезди и желба



- 2 ѕвезди = 2 работи кои се добри
 за задачата
- Желба = нешто што сакаат да подобрат за
 да биде уште подобро



- *Учениците би можеле да дадат 2 ѕвезди
и желба+ на наставникот за тоа што научиле

BRITISH COUNCIL

TeachingEnglish

# Барање комплименти….







# Врсничко, наставничко и самооценување

| Само-оценување 10/40 | Моја оценка (10) | Оценување на наставникот | Оценка од наставникот (10/40) |
|---|---|---|---|
| Знаење, предметна содржина | 6 | Знаење, предметна содржина | 5 |
| Учество | 4 | Учество | 6 |
| Однесување | 7 | Однесување | 5 |
| Што научив | 8 | Што научив | 8 |
| Вкупно | 25 | Вкупно | 24 |

# Поддржување на учениците во оценувањето за учењето



















# Размислување и утврдување
# 3.......2.......1



**3 работи што запаметив**

**2 работи што може да ги искористам за другите часови**

**1 работа што ме изненади**

# И за крај……..

- Оценување на наставникот за ученикот
- „Тој е ментално бавен и нестабилен“
- Кој беше тој???

BRITISH COUNCIL

TeachingEnglish

www.teachingenglish.org.uk

Ви благодарам